**ЗАПИСНИК**
**од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.07.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна), Зоран Фиданоски (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Весна Симоновска, Ивона Муфишева Алексовска, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информираше дека на седницата се присутни 5 членови на Советот, а г-ѓа Машовиќ и г-дин Фиданоски се отсутни бидејќи се на годишен одмор и се наоѓаат во странство.

Советот на Агенцијата едногласно со 5 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.06.2018 година.
2. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.04.2018 до 31.06.2018 година.
4. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 4 гласа „за" и 1 воздржан глас од г-дин Фетаи го усвои предложениот записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.06.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Одделението за економско-финансиски работи Весна Симоновска ја образложи предложената одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година. Објасни дека со предложените измени ќе се обезбедат средства за изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво. За наведената Студија се потребни средства во вкупен износ од 472.000,00 денари со вклучен ДДВ. Од таа причина извршени се прераспределби на средства од јавните набавки коишто се реализирани во помал износ од планираниот.

Г-дин Трајчевски објасни дека Советот на Агенцијата неколку години наназад во Годишната програма за работа на Агенцијата предвидува доколку има услови да се распише јавен повик за доделување дозвола за радио емитување на национално ниво на албански јазик. Посочи дека до сега не постоеја технички услови бидејќи немаше слободни фреквенции на територијата на Република Македонија. Со одземањето на дозволата на РА Слободна Македонија се создадоа технички услови. За да се констатира дали навистина има потреба, согласно Законот треба да се изработи Студија. Доколку Советот го прифати овој ребаланс на буџетот и на следната седница ја прифати промената на Планот за јавни набавки на Агенцијата за 2018 година, во текот на утрешниот ден тој како Директор на Агенцијата ќе донесе решение за започнување на постапка за изработка на Студија по службена должност согласно насоките од Советот на Агенцијата кои ги дал изминатите години. Посочи дека токму тоа е причината зошто се предлага овој ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2018 година и за наредните точки кои се поврзани со оваа точка од 29 седница за отпочнување на постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека е добро што Агенцијата била штедлива и економично работела така што лесно се изнајдоа средства од јавни набавки за кои што се потпишал договор со пониска вредност од планираната.

Г-дин Фетаи рече дека добро е што се дојде до оваа ситуација и се отвори можноста за објавување конкурс за доделување дозвола за радио на државно ниво, бидејќи токму овој предлог Советот долго време го има како идеја и констатација во смисла дека е потребно такво радио. Се надева дека ќе се најдат инвеститори коишто таа празнина во медиумскиот простор во Република Македонија ќе ја пополнат и оваа можност ќе се реализира. Бидејќи во претходните програми за работа на Агенцијата е евидентиран овој предлог, рече дека има дилема околу тоа дали е потребно да се изработи Студија за да се констатира тоа што Советот веќе го констатирал во плановите на програмата за работа на Агенцијата. Се надева дека ќе се овозможи такво радио да се појави на пазарот што досега било оневозможено од технички причини, бидејќи сите можни фреквенции за мрежа на радио на државно ниво беа зафатени. Бидејќи веќе ја знаат оваа потреба, претпоставува дека со Студијата, по

анализа на пазарот во смисла на тоа дали едно такво радио би го изместил односот, дали е потребно, ќе се дојде до истиот заклучок кој го има и Советот. Посебно го забележал износот на буџетот којшто се издвојува за ова сознание што Советот претходно го има, а кое потоа пак ќе се констатира. За наведената Студија се потребни средства во вкупен износ од 472.000,00 денари. Праша врз основа на што е дојдено до таа бројка и дали износот ќе биде до крај потрошен? Знае дека ова е законска обврска, бидејќи за секоја нова дозвола има законска процедура да се направи истражување за потреба од нов медиум. Праша дали постои можност оваа Студија да не се направи, да не се потрошат овие средства за да се дојде на крај до ист заклучок кој е и дел од програмата за работа? Во таа насока размислува и тие се неговите дилеми.

Г-дин Трајчевски објасни дека оваа година се направи истражување за телевизиско емитување на државно ниво и оттаму приближно е земен овој износ којшто е тука проценет. Малку е зголемен со цел да не се доведе Агенцијата во ситуација да не може да ја спроведе набавката. Претходната набавка била 330.000,00 денари за Студијата, сега малку се зголемени средствата, но тоа не значи дека ќе бидат сите потрошени. Посочи дека кога станува збор за медиум на национално ниво секогаш согласно Законот се прави истражување на најмалку 1100-1200 испитаници. Тоа истражување не може да го направи Агенцијата. Доколку станува збор за истражување на локално ниво тоа службата го прави, но за државно ниво потребна е агенција, надворешен субјект кој ќе биде во можности и има капацитет да спроведе вакво истражување, телефонска анкета или анкета лице в лице.

Г-дин Фетаи рече дека потребата Советот веќе ја има констатирано во програмата за работа и се согласуваат дека е потребно радио на државно ниво кое ќе емитува програма претежно на албански јазик. Сето тоа е образложено кога е ставено во програмата. Идејата му била во насока дали постои можност да се избегне, бидејќи ќе се дојде до констатација од 1100 испитаници, ако се анкетираат од Струмица или Катланово, дали е потребно, што мислат и слично, нормално е дека на тие луѓе не им е потребно едно такво радио. Затоа Агенцијата како стручна институција тоа го знае, сите тоа го констатирале и се согласни со години. Според него, тоа радио може да има проблеми во врска со опстојување на пазарот, бидејќи ќе биде приватно. Смета дека 472.000,00 денари се сериозно голем износ, посебно кога ќе се пресмета во евра. Не треба од буџетот на Агенцијата да се потрошат толку пари за едно сознание дека е потребно такво радио. Но бидејќи изработката на Студијата е законска обврска, тој се согласува да се потрошат пари колку што е потребно само за да не се прекрши Законот.

Г-дин Трајчевски рече дека констатацијата на Советот за потребата од радиото е размислување на Советот, меѓутоа треба да биде поткрепено и со Студија од стручна компанија. Лично смета дека навистина има потреба и најверојатно тоа и ќе го покаже Студијата. Изработката на Студијата, односно спроведувањето на истражувањето од агенцијата што ќе биде ангажирана, ќе биде направено според посебна Методологија. Кога станува збор за радио кое ќе емитува програма на албански јазик нормално е поголем број од испитаниците да бидат од албанска националност. Ова истражување нема да биде направено без Методологија. Минатите години кога имаше истражување кое беше направено несоодветно, Советот реагираше и избраната агенција го дополни истражувањето. Од таа страна, нема сомнеж дека нема да биде спроведено по соодветна Методологија. Во врска со износот, веќе рекол дека претходната Студија беше 330.000,00 денари. Со

намалување на цените при електронска аукција, оваа Студија може да биде колку и предвидениот износ, може да биде и помалку, но не смее Агенцијата да се доведе до ситуација заради недостаток на средства да не го спроведе истражувањето.

Г-дин Петрушевски објасни дека Стручната служба сама прави истражување кога се работи за помали, регионални или локални медиуми. Рече дека не би требало да се направи исклучок во врска со истражувањето, што подоцна би се барало во други случаи. Треба да се постапи според Закон и убеден е дека и Студијата ќе го покаже она што и Советот го констатирал. Во таа насока рече дека треба да се почека месец или два за да се спроведе набавката и да се реализира. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот од Директорот.

Г-дин Фетаи рече, бидејќи г-дин Петрушевски истакнал дека кога се во прашање медиумите на локално ниво или регионално ниво, Службата веќе има направено истражување со нејзините капацитети. Но не добил одговор во смисла на тоа дали може ова истражување со капацитетите на Агенцијата да се изведе, а да не биде прекршен Законот и обврската која ја има? Се согласува со директорот г-дин Трајчевски и со г-дин Петрушевски дека е најдобро да има истражување и заклучокот да биде поткрепен со Студија, но поради тоа што е специфична оваа работа и Советот има став дека е потребно такво радио, да не навлегува понатаму во врска со соодветната правична застапеност во секој аспект на јавните ресурси што е уставна категорија и досега тоа не е реализирано. Има многу елементи, има многу индикатори, многу укажувања дека едно такво радио би требало да има, нема да биде револуција, нема да биде крај на светот ако се додели една таква дозвола за радио. Идејата е дека нема потреба толку средства да се даваат за да се констатира тоа што веќе однапред го претпоставува. Верува дека и Премиерот да се праша и било кој да се праша не се изместува пазарот туку се дополнува условно кажано, една таква празнина во медиумскиот простор во Република Македонија. Праша дали ќе се прекрши Законот или не ако истражувањето го направи Агенцијата со нејзините капацитети?

Г-дин Петрушевски одговори дека има шанси средствата да бидат помали и зависи од конкурентите што ќе се јават. Тој останува на ставот дека треба Советот да се изјасни по предлогот онака како што е предложен.

Г-дин Трајчевски рече дека по вторпат ќе одговори дека истражување на 1100 испитаници Агенцијата не може да спроведе. Не станува збор дали ќе се прекрши или не Законот, станува збор дека за такво истражување Агенцијата нема капацитет ниту знаење тоа да го спроведе. Досега, секогаш било така кога станувало збор за терестријално емитување, телевизиско, за радио сега првпат ќе се направи, бидејќи досега немаше ни слободни фреквенции за да може да се реализира. Пред две или три години имаше забелешка од Владата дека со Програмата за работа на Агенцијата се сугерира доделување на дозвола, без претходно да изработи Студија. Да, рече, сите кажуваат дека има потреба, но тоа треба да биде поткрепено со документ, заради почитување на одредбите од Законот.

Г-дин Фетаи рече дека заради тоа што директорот го кажува, за да не се остави простор за разни интерпретации и од страна на Владата, ќе го поддржи исполнувањето на законската обврска.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3207/1 од 10.07.2018 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2018-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 115.079.000,00 денари.

Со предложениот ребаланс ќе се изврши измена на следните позиции:

- Групната ставка 400 Потрошени материјали ќе се намали за 183.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 1.583.000,00 денари ќе изнесува 1.400.000,00 денари.
- Позицијата 400300 – Потрошени канцелариски материјали ќе се намали за 94.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 368.000,00 денари ќе изнесува 274.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – набавка на канцелариски материјали за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.
- Позицијата 400500 – Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. ќе се намали за 89.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 447.000,00 денари ќе изнесува 358.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – набавка на средства за хигиена за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.
- Групната ставка 402 Инвестиционо одржување на средствата ќе се намали за 53.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 10.229.600,00 денари ќе изнесува 10.176.600,00 денари.
- Позицијата 402030 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа - хардвер и софтвер ќе се намали за 53.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 8.134.600,00 денари ќе изнесува 8.081.600,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – одржување на постојната веб страна на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.
- Групната ставка 418 Останати други расходи ќе се намали за 236.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 5.460.000,00 денари ќе изнесува 5.224.000,00 денари.
- Позицијата 418800 – Други расходи ќе се намали за 236.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 5.460.000,00 денари ќе изнесува 5.224.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – ревизорски услуги за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.
- Групната ставка 417 Интелектуални и други услуги ќе се зголеми за 472.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 17.758.000,00 денари ќе изнесува 18.230.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво.
- Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги - истражување ќе се зголеми за 472.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.776.000,00 денари ќе изнесува

4.248.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 472.000,00 денари се наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво.

Со наведените измени, ќе се обезбедат средства за изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво. За наведената студија се потребни средства во вкупен износ од 472.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски во врска со кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.04.2018 до 30.06.2018 година, објасни дека до членовите на Советот пратена е втора верзија со дополнувања, кои се обележани со сива боја за да бидат видливи.

Г-дин Петрушевски потврди дека ги имаат добиено и двете верзии на кварталните извештаи за тоа што работела Агенцијата во изминатите три месеци. Потсети дека Советот само дава коментари во однос на содржината и по истите не гласа. Посочи дека во извештајот недостасува информација за неговото и за присуството на директорот и членовите на Советот г-дин Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски на седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија, одржана на 12 април 2018 година јуни. Г-дин Петрушевски инфорираше дека, на споменатата седница, на којашто е разгледуван предлог за измени и дополнувања на ЗААВМУ ги изнеле сите оние претходни искажани мислења дека Агенцијата работи професионално и со високи квалитети. Кварталните извештаи што сега ги разгледуваат, само го потврдуваат истото. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е една од ретките институции што ги задржува квалитетите во своето работење. Тоа е неговата забелешка и доволно е што ќе влезе во записник, не мора извештаите да се коригираат.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер. Објасни дека по доставувањето на извештаите од страна на радиодифузерите до Агенцијата, Стручната служба констатира дека одреден број радиодифузери навеле помал број вработени од она што е предвидено во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Агенцијата писмено се обрати до повеќе медиуми, не само до овој медиум. Повеќето медиуми ја коригирале таквата состојба, за што ја известија Агенцијата. Но кај два радиодифузери, ТВ Калтрина и ТВ Канал 5 плус и покрај повеќето доставени дописи не беше коригирана состојбата согласно Правилникот. Од минатата недела, до оваа седница, ТВ Канал 5 плус достави 30 договори согласно Законот. Но, за жал, ТВ Калтрина се уште нема доставено соодветна документација

којашто ќе покаже дека работи согласно Законот. Од таа причина се предлага да се започне постапката со надеж дека во следните 15 дена радиодифузерот ќе ги отстрани причините заради кои што е започната постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека изминатата недела се сведоци на она што се случуваше дека едниот радиодифузер кога јавно се објавило дека ќе се покрене постапка, ТВ Канал 5 плус, во меѓувреме ги отстранил тие недоследности и доставил договори за ангажирани луѓе и го исполнил условот. Се надева дека и овој радиодифузер ќе достави документација. Не е важно дали договорите ќе бидат на 6 месеци или година, важно е да не се одземе дозволата. Верува дека радиодифузерот тоа ќе го направи, бидејќи лесно се отстранува овој недостаток.

Г-дин Ајдини рече дека согласно Законот, Советот на седница треба да ја започне постапката. Радиодифузерите секогаш се јавуваат кога ќе бидат притиснати со време, така се случило и со овој радиодифузер. Денеска се слушнал неколку пати со сопственикот и објаснил дека некои работи не му биле јасни. Тој постојано барал новинари по професија и во моментот има вработено девет. Наведе дека радиодифузерот не е од тие што избегнува вработување и дека не сака незаконски да работи, туку напротив, има волја за работа и рекол дека во следните 15 дена оваа несакана состојба ќе ја надмине и ќе продолжи да работи. Чудно му било тоа што никој од Агенцијата не се слушнал телефонски со сопственикот. Го прашал зошто секогаш во последен момент радиодифузерите се доведуваат во несакана ситуација и тие и Агенцијата да покренува постапка, кога Службата на Агенцијата е на располагање. Не можел и него лично да го најде, но знае како работи и верува дека ќе го решат проблемот.

Г-дин Петрушевски објасни дека радиодифузерот во Агенцијата како податок оставил погрешен телефонски број. Се надева дека и овој радиодифузер ќе постапи како ТВ Канал 5 плус и ќе ги обезбеди договорите. Како што веќе кажа и г-дин Ајдини, Советот, како и за сите други, го спроведува Законот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-373 од 10.07.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. Калтрина Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-3122/1 од 03.07.2018 година, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во цитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од

15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. Калтрина Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече да се извести навремено радиодифузерот од кога му течат тие 15 дена и очекуваат да го реши овој проблем.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-3189/4**
**16.07 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**